Поздравно обраќање на Госпоѓа Лоранс Оер,

Амбасадор на Франција,

по повод националниот празник,

двор на Амбасадата на Франција

понеделник 14 јули 2014 г.

Дами и Господа Министри,

Дами и Господа пратеници и градоначалници,

Драги колеги дипломати, драги гости на Амбасадата на Франција,

Драги пријатели на Франција и на Македонија,

На почетокот дозволете ми на денот на жалоста да ги упатам изразите на сочувство на македонскиот народ по ужасната хелихоптерска нерекa која се случи минатиот петок.

Ми претставува голема чест да Ви се обратам, на Вас собрани во голем број со нашите соработници по повод националниот празник кој оваа година е во знакот на комеморативните настани од Првата Светска Војна, мирот и помирувањето на народите, желба на Претседателот на Републиката.

Имам исклучителна привилегија да Ви покажам снимки од меѓународното дефиле на авенијата Елисејски полиња кое се одржа утринава а во кое учествуваа 80 земји. Франција посака да го сподели овој момент со сите нации кои ги претрпеа последиците од војната и разрушувањата и покани 250 младинци да земат учество во дефилето како знак на признание, солидарност и сеќавање. Тоа е колективно сведоштво за напредокот во светот и начин да се упати порака за мир и братство.

Вечерва сме особено горди што македонска воена делегација и делегација на млади луѓе, две момчиња и две девојки кои го говорат францускиот јазик, учествуваат веќе една недела на овој меѓународен настан. Тие ја претставуваат Република Македонија и во воениот и во цивилниот дел.

Преку овој меѓународен настан, Франција не сака да се навраќа кон минатото. Мојата земја посакува со Вас да изгради Европа која ќе почива врз принципите на мир, единство и взаемно почитување. Посакуваме да ги зајакнеме односите меѓу Франција и Македонија преку интензивна размена на луѓе и поволно економско опкружување. Преку процесот на соработка кој Амбасадата го спроведува се дава поддршка на граѓанското општество и на подготовката за европска интеграција. Сакаме да напоменеме и дека добрите меѓуетнички односи се основниот столб во земјата и во регионот.

Зајакнувањето на француско-македонските односи ќе биде проследено во септември со назначување на директор од Франција во француското училиште : децата од сите националности и на возраст од 3 до 17 години се добредојдени. Напорно работиме и на зајакнување на економските односи преку поддршка на француските претпријатија во проекти од сите области.

Винаријата Тиквеш вечерва Ви претставува прекрасно вино кое е резултат на работата со француски енолог. Публицис е креаторот на вечерашниот настан со активно учество во организиацијата на оваа посебна свеченост. Искрено им се заблагодарувам и на сите компании кои во текот на целата година се партнери на Амбасадата и на францускиот Институт, а особено на Сосиете Женерал, Карфур и Визер која преку наградна игра подарува два авио-билети за Париз.

Да живеее македонско-француското пријателство,

Да живее Републиката,

Да живее Франција.